# ПОДАТОЦИ
# ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА ЗАПОЧНУВАЈЌИ СО ИСПЛАТАТА НА ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2012 ГОДИНА

Започнувајќи со исплатата на платата за месец јануари 2012 година се воведува ново лично ослободување за пресметка на персоналниот данок на доход како и нова граница за највисока основица за пресметка и уплата на социјални придонеси која изнесува шест просечни месечни плати[1] наместо досегашните четири.

## Што преставува личното ослободување

Годишното лично ослободување е ослободувањето што го остварува обврзникот на персонален данок на доход при годишно пресметување на данокот на доход во Годишната даночна пријава или во Годишниот даночен биланс и кое во месечни износи го користат примателите на плата.

Износот на годишното лично ослободување го објавува Министерот за финансии и истото пред почетокот на секоја година се валоризира со планираниот пораст на нето платите на вработените во Република Македонија.

## Преглед на лично ослободување за 2012 година

Врз основа на член 11, став 2 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Р.М.", бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10 и 135/11), министерот за финансии во („Службен весник на Република Македонија“ број 177/2011) објави:

1. Личното ослободување утврдено во член 10 став 1 точка 3 од Законот, за 2012 година на годишно ниво, изнесува 89.640,00 денари, и
2. Личното ослободување по основ на лични примања од плата од работен однос и пензија, месечно се утврдува во изност од 7.470,00 денари, согласно со член 15-а став 2 од Законот.

| Година | Број на објава | Датум на објава | Сл.весник број | Годишно лично ослободување | Месечно лично ослободување |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 20-41471/1 | 22.12.2011 | 177/11 | 89.640,00 ден. | 7.470,00 ден. |

## Стапки на придонесите од задолжително социјално осигурување

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на ден 28 декември 2011 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 185/2011 година.

[1] Просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

Со одредбите на член 5 од погоренаведениот Закон за изменување и дополнување..... утврдени се стапките по кои ќе се пресметуваат и плаќаат придонесите во 2012 и 2013 година. Односно почнувајќи со исплатата на платата за месец Јануари 2012 година, во примена се следните стапки на придонесите од задолжително социјално осигурување:

| **Вид на придонес** | **Стапка** |
|---|---|
| Задолжително пензиско и инвалидско осигурување | 18% |
| Задолжително здравствено осигурување | 7,3% |
| Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување | 0,5% |
| Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност | 1,2% |
| **Вид на придонес за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** | **Стапка** |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци | 9,00% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци | 7,50% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци | 6,00% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци | 4,50% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци | 3,00% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци | 1,50% |

**Даночно ослободување**

Почнувајќи со исплатата на платата за јануари 2012 година, ќе се применува даночно ослободување во износ од 7.470 денари месечно, односно на годишно ниво за 2012 година во износ од 89.640 денари.

**Најниска основица**

Најниската основица за пресметка на придонесите за платата започнувајќи од месец јануари 2012 година е уредена со одредбите на член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/08, 62/09, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11 и 185/11, односно:

- Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став (1) точки 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на законот, и
- за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

## Највисока основица

Највисоката основица за пресметка и уплата на социјални придонеси, започнувајќи од 2012 година, ќе се пресметува и уплатува на износот на ШЕСТ просечни месечни плати.

## Нова верзија на клиентски софтвер

За да можете да ја поднесете пресметката за плата за Јануари 2012 година, задолжително преземете ја новата верзија на клиентски софтвер (образец МПИН) преку веб страницата на УЈП (http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/81).

Пресметката за плата МПИН се доставува преку интернет, на следната е-пошта:celaplata@ujp.gov.mk

Декларацијата и Налогот за плаќање ви се доставуваат на вашата електронска пошта, најдоцна, во рок од 24 часа од поднесувањето на пријавата.

## Поднесување на пресметки за плата за 2011, 2010 и 2009 година

Доколку поднесувате пресметка за плата која се однесува на минат период (за 2009, 2010, 2011 година) или пак исправка на пресметка за плата за овој период, потребно е да ги користите стапките на придонеси од задолжително социјално осигурување и даночното ослободување кои важат за тој период согласно Законот.

При исплатата на плата за минат период, највисоката основица за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување изнесува ЧЕТИРИ просечни месечни плати.

**До денот на доставување на овие насоки за пресметка на платата за месец јануари 2012 година и понатаму не е објавена Просечната плата по работник во Република Македонија во јануари 2012 година од страна на Државниот завод за статистика. По објавувањето на наведената просечна плата ќе ви ги доставиме податоците за најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите.**